До

Националната комисија за учебници при

Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител м-р Весна Ничева за наставниот предмет Информатика за II (втора) година гимназиско образование со шифра 500**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 10.7.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет Информатика за II (втора) година гимназиско образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 /2025 година, го поднесувам следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### за наставниот предмет Информатика за II (втора) година гимназиско образование

Бирото за развој на образованието согласно дописот на Педагошката служба на МОН со бр. 26-541/11 од 01. 07. 2026 год. доставило стручно мислење за ракопис за учебник со шифра 500 за II година на гимназиско образование со број 26-541/12 од 08.07.2026 год. потпишано од Комисија во состав: Гордана Јанакиевска, раководител на одделение, координатор и м-р Сања Николоска Пачемска, член. Според стручната комисија, ракописот со наслов Информатика за II (втора) година на гимназиско образование (шифра 500) е изработен според индикаторите во Концепцијата за изработка на учебник и е целосно усогласен со Наставната програма по наставниот предмет информатика за II (втора) година на гимназиско образование, врз основа на што **Бирото за развој на образованието дава позитивно мислење на истиот.**

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марија Календар, проф. д-р Горан Јакимовски и Жаклина Милошева, дава стручно сумарно мислење со бр. 26-800/7 од 16.7.2026 година. Врз основа на индивидуалното вреднување, се констатира дека учебникот со шифра 500 е усогласен со Наставната програма по Информатика за II (втора) година гимназиско образование, содржински и методички соодветен, јазично разбирлив и функционален за наставна примена. Учебникот овозможува прегледна организација на наставниот процес, поддржува самостојно учење, диференцирана работа и проверка на знаења, поради што претставува соодветно наставно средство за ова образовно ниво.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет Информатика за II (втора) година гимназиско образование и предлагам да ги прифатат извештаите на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија - ракописот со шифра **500 да се прифати** како учебник по Информатика за II (втора) година гимназиско образование и да се продолжи понатамошната процедура за издавање и употреба на истиот.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 17 JUL 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 802/ | | |

16.7.2026 година

Известител,

м-р Весна Ничева